CEE bankwatch network

# Реконструкција на Балканот

## Пакт за стабилност за Југоисточна Европа

### Прашања и одговори

**CEE Bankwatch Network, 2001**
**www.bankwatch.org**

## Што е Пактот за стабилност?

Пактот за стабилност беше потпишан во јуни 1999 година, од страна на земјите на Балканот, главните донаторски земји и меѓународните организации, како Европската унија, Светската банка, Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), Европската инвестициона банка, OECD (Организација за економска соработка и развој) итн., како одговор на кризата во Косово. Неодамна, Сојузна Република Југославија стана член на Пактот и се очекува тоа да го забрза финансискиот проток кој е потребен во регионот.

Главната цел на Пактот е „*да обезбеди долготраен мир, просперитет и стабилност за Југоисточна Европа; да негува ефективна регионална соработка; и, да даде цврста, европска основа на регионот*“[1].

Сите членови на Пактот за стабилност ветија дека ќе се потрудат да ги постигнат целите на стабилност, економски развој и антикорупција, како и заштита на човековите права.

## Како ќе се примени?

Пактот ќе поттикне стабилност преку поддршката на регионални проекти, кои ќе се имплементираат преку Европската југоисточна

[1] *Stability Pact for South Eastern Europe*. Cologne, June 10 1999.

регионална маса, која се состои од три работни маси:

- Работна маса на демократизација и човекови права (маса I);
- Работна маса на економска реконструкција, развој и соработка (маса II);
- Работна маса на безбедност (маса III).

Активностите за реконструкција ќе се остварат во период од пет години. Проектите се поделени на три вида: брз старт, скоровременски и средновременски проекти.

Сите проекти под делот *брз старт* треба да почнат до март 2001, додека *скоровременските* треба да почнат во текот на следните две години.

Фондот за проекти од типот *брз старт* кој изнесува вкупно 1,8 милијарди ЕУР беше одреден од страна на Конференцијата за регионално финансирање одржана во март 2000 година, во Брисел. Конференцијата, исто така, понуди и дополнителни 0,6 милијарди ЕУР за *скоровременските* активности.

Сепак, според информациите од ноември, 2000 година (види табели и анекс), сумата за активностите од типот *брз старт* порасна до 2,4 милијарди ЕУР. Друга финансиска конференција која се одржа во октомври 2001 година, во Букурешт ќе додели уште 2,4 милијарди ЕУР.

*Конференција за регионално финансирање, март 2000 година, Брисел*

| | |
|---|---|
| Други активности | 5 160 000 |
| Работна маса I | 268 083 973 |
| Работна маса II | 1 449 082 000 |
| Работна маса III | 77 817 605 |
| **Вкупно** | 1 800 143 578 |

## Што е проблемот?

Работната маса II зафаќа повеќе од 80 % од планираните инвестиции. Не станува збор за важноста на економската обнова во земјите по конфликтите, туку за начинот на кој ќе се изврши реконструкцијата, кој е сосема контроверзен. Досега инвестициите во оштетената инфраструктура, главно патишта, железници, електрични далноводи и цевководи се сметаа како најважен дел од економската обнова.

Планираните големи заеми за инфраструктурниот сектор ќе го зголемат проблемот со долгови на Балканот. Ако овие проекти не ги донесат очекуваните економски бенефиции, тогаш мали се шансите владата да најде начин и да ги исплати долговите. Ова е посебно случај при конструкцијата на автопатишта со патарини. Земајќи ја предвид тешката економска ситуација и нестабилноста во регионот по конфликтот, градењето на таков скап начин на транспорт е

несфатливо. Железниците повеќе би одговарале, како за патнички, така и за транспорт на стоки. Железниците се поевтини за изградба, а ќе овозможат бенефиции за подолг период, како и работни места за локалното население. Во спротивно, автопатиштата изградени од меѓународни компании нема да ѝ донесат придобивки на локалната влада.

Освен тоа, сите овие инвестиции или „помош“ според зборовите на меѓународните финансиски институции (МФИ), се всушност заеми, што значи дека земјата треба да ги отплати. Доколку одредена инвестиција не носи профит, владата ќе биде принудена да земе уште еден заем, можеби и по понеповолни услови. Има висок ризик Балканот да стане зависен од таква меѓународна „помош“ што нема да изгради самоодржлива економија за што се залага Пактот за стабилност. Во спротивно, земјите од Балканот може да паднат во таканаречената замка на долгови, како и земјите во развој. Примерот на Босна и Херцеговина покажува како милиони долари може да се загубат во неврат.

Исто така, планираните проекти за изградба на инфраструктурата на Балканот беа дизајнирани на таков начин што ќе ја поврзат Грција со другите земји-членки на Европската унија. Малку внимание е посветено на потребите на локалното население. Големите изградби на автопатишта или цевководи ќе имаат огромно влијание врз животната средина. Затоа, од

големо значење е промоцијата на реконструкција која ќе им донесе бенефиции на локалните општества со минимално влијание врз животната средина.

## Дали меѓународната помош ќе ја намали сиромаштијата?

Една од главните цели на Пактот е да ја намали сиромаштијата во регионот. За да се постигне оваа цел, владите и меѓународните организации ќе треба да се справат со високиот степен на невработеност. На пример, невработеноста во Босна и Херцеговина е 55 %, во Србија 40-50 % и околу 35 % во Македонија.

Сиромаштијата расте во регионот, а ограничените економски можности можат само да придонесат кон насилство и кон социјална тензија. Приватизацијата ќе создаде загуба на работни места, освен ако земјите за кусо време не напреднат кон приватниот сектор, што нема изгледи тоа да се случи преку ноќ. Искуството на земјите од Централна Европа покажува дека транзицијата кон пазарна економија носи нови можности, но и ја уништува навикнатата социјална поддршка, како здравствената заштита, заштитата на домаќинствата и на образованието... Поголемиот дел од населението во рамките на централноисточна Европа не ја почувствувале придобивката од пазарната економија.

Светската банка и ЕБОР се согласија дека развојот на приватниот сектор ќе биде генераторот на економски развој и нови работни места[2]. Сепак, додека повеќе од 1 милијарда ЕУР беа одредени за инфраструктура, само 365 милиони ЕУР беа одредени за приватниот сектор.

*Само еден проект со брз старт, развојот на аеродромот во Софија, има поголем фонд од целата сума која Пактот за стабилност ја определува за развој на приватниот сектор, за економски реформи, за развој на бизнисот, за едукација, за проекти за заштита на животната средина и за социјален развој* [3].

Вреди да се напомене дека институциите како Светската банка ја водеа транзицијата во Русија каде што има малку докази за успешноста на применетите промени. Поголемиот дел од населението остана сиромашно, додека корупцијата е сѐ уште висока, како и на почетокот на деведесеттите, а богатството буквално „лета“ надвор од земјата.

Прашањето е зошто МФИ ги одобруваат истите модели на „помош“ кога е очигледно дека вложувањето пари во висококорумпирани влади нема да го подобри животот на сиромашните на кои најмногу им треба помош? Ако рекон-

---

[2] *The road to stability and prosperity in South Eastern Europe: a regional strategy paper*. Washington DC: World Bank. 2000.

[3] *A new era in South Eastern Europe? Grasping the opportunity to promote economic growth with equity*. Oxford: Oxfam briefing. 2000.

струкцијата на Балканот не може да се соочи со истото сценарио, тогаш локалните влади, јавноста и НВО од регионот треба да бидат вклучени во процесот. Во спротивно, има големи изгледи дека милионите долари ќе завршат на приватните сметки на новата елита.

## Зошто микрофинансирањето е подобро?

За да донесат големите проекти поволни резултати за националната економија, треба да поминат повеќе години. Освен тоа, договорите за тие проекти се потпишуваат од владата која честопати е корумпирана. Од друга страна, пак, микрофинансирањето се покажа како многу корисен начин за подобрување (засилување) на голем број сегменти од општеството и осигурување дека основните потреби на граѓаните се задоволени, дури и покрај чувствителните економски услови.

Искуствата од Босна и Херцеговина покажаа дека обновата со физичка реконструкција нема да доведе до самоодржлива економија. По војната, околу 5 милијарди УСД беа инвестирани во Босна и Херцеговина, а невработеноста останува висока и изнесува 55 %, економскиот развој и понатаму е поврзуван со реконструкцијата, а бегалците и иселениците сè уште не се вратени во очекуваниот број[4].

---

[4] *Lessons from rebuilding South Eastern Europe, the Bosnia and Herzegovina experience.* Washington DC: World Bank. 1999.

Микрофинансирањето, наместо големите инфраструктурни инвестиции, ги насочува локалните бизниси и заедниците и овозможува бенефиции и услуги потребни за локалното население. Дури и со мала количина пари, како на пр. 1.000 ДЕМ, е возможно да се дејствува врз способноста на луѓето да развијат активности кои ќе им овозможат одржлива иднина[5].

Светската банка го поддржуваше микро-финансирањето во Босна и Херцеговина, но овие програми се однесуваа на помалку од еден процент од вкупното позајмување на Банката.

Слични иницијативи, поддржани од Оксфам (Oxfam), веќе започнаа во Србија. Овој проект им овозможи на група иселенички да воспостават успешно производство на облека. Поддршката се концентрира на тренинг и менаџмент и овозможува висок квалитет и прецизен дизајн и продажба на рачно изработените производи. Еден од најважните резултати на овие проекти е сознанието на луѓето дека нивниот напор се исплатува.

Меѓународните финансиски институции признаваат дека вакви проекти се тешки и вклучуваат напор и работа. Сепак, без поддршката која ќе влијае врз најголемиот дел сегменти на општеството, најголемиот број луѓе нема да имаат корист од големите инвестиции во нивната држава.

---

[5] *Microfinacing as a tool for stability:* Issue paper on Post-Conflict Rehabilitation. CEE Bankwatch Network. Praha: OSCE Forum, 2000.

## Улогата на животната средина во реконструктивните активности

Министрите за животна средина од балканските земји се собраа во Струга, Македонија, да ја изразат својата загриженост за проблемите на средината во регионот. Министрите ги идентификуваа приоритетните области и повикаа на основање детална Регионална еколошка реконструктивна програма (РЕРеП) за Југоисточна Европа која ќе се примени во рамките на Пактот за стабилност. РЕРеП беше основан во рамките на Работната маса II под економска реконструкција и развој, но се однесува само на еден процент од вкупните активности кои се планирани под Пактот. Освен тоа, програмата има посебна Работна група (Task Force) и мали се изгледите дека истата ќе влијае врз останатиот дел на активностите за реконструкција. Главен проблем е како да се обезбеди заштита на животната средина од другите 99% од активностите?

И покрај тоа што животната средина е единствената област каде што сите земји од регионот работат заедно, сепак досега нема сериозни барања на земјите за планирање големи инвестиции во регионот.

Една од основните идеи на РЕРеП е дека животната средина може да одигра главна улога во создавањето стабилност во регионот. Во прилог, еколошката соработка може да

придонесе до воспоставување прекугранични договори и мрежи на соработка во регионот на Југоисточна Европа[6]. Ова е вистина, но регионалната стабилност нема да се постигне ако истата шема на соработка не се примени за целата реконструкција.

Слично со другите активности под Пактот за стабилност, инвестициите во животната средина треба да ги доближат југоисточните земји до Европската унија. Затоа е важно европските стандарди за животна средина да се вклопат во рамките на реконструкцијата. Ако се постигне оваа цел, тогаш сите проекти под Пактот за стабилност треба да се спроведат според највисоките стандарди за животна средина.

Според временската рамка на Пактот за стабилност, РЕРеП треба да се примени во период од 5 години со вкупен буџет од 70 милиони ЕУР. Вкупниот буџет за проектите со *брз старт* за 2 години е 30,2 милиони ЕУР.

---

6 *Regional Environmental Reconstruction Program for South Eastern Europe.* Szentendre: Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe (REC). 2000.

Трошоците за сите индивидуални програмски компоненти се предвидени на следниот начин:

| | |
|---|---|
| Институционално зајакнување и развој на политиката | 6 200 000 |
| Создавање силни еколошки граѓански здруженија | 6 200 000 |
| Итна помош за еколошка инфраструктура и борба против штетите од војната | 7 300 000 |
| Засилување на постојните механизми и структури на соработка и развој на регионални прекугранични проекти | 3 350 000 |
| Поддршка на приоритетни национални и локални еколошки проекти | 7 150 000 |
| **Вкупно** | **30 200 000** |

## Потреба за намалување на последиците врз средината по конфликтите

Кога започнаа нападите на НАТО се појавија известувања за штетата од бомбардирањето, нанесена врз животната средина. Иако НАТО изјавуваше дека употребата на софистицирани оружја на внимателно избраните цели ќе ја минимизира штетата врз средината, сепак пожарите во рафинериите за нафта предизвикуваа огромни облаци чад над многу

области, додека постојано се испуштаа опасни хемикалии во воздухот, во земјата и во водата[7].

Балканската работна група (Balkan Task Force - BTF), основана да се соочи со последиците од конфликтот, идентификува 5 критични области:

- последици врз средината од авионските напади на индустриските места, како што се Панчево, Крагуевац, Нови Сад и Бор;
- последици од конфликтот врз реката Дунав;
- последици врз биодиверзитетот во заштитените области;
- последици од конфликтот врз живеалиштата и врз животната средина во Косово;

можната употреба на оружја со осиромашен ураниум (во времето кога BTF ги одреди последиците од конфликтот врз средината, НАТО сѐ уште ја немаше потврдено употребата на осиромашен ураниум).

Најверојатно, местата под најголемо влијание беа Панчево, Крагуевац, Нови Сад и Бор - сите големи, индустриски градови. Нападите врз рафинеријата за нафта во Панчево предизвикаа горење на околу 80.000 тони нафта и влијаеја врз поголем дел од обласга. Во петрохемиската фабрика, 2.100 тони етилен-дихлорид, отровна материја за почвени и водени екосистеми, истекоа во почвата и во

[7] *The Kosovo conflict: consequences for the environment human settlements*. Switzerland: UNEP/UNCHS, 1999.

канализацискиот канал од петрохемиската фабрика[8].

Слични ослободувања на опасни хемикалии се појавиле и на други индустриски места, како Нови Сад, Крагуевац и Бор. Директните напади врз нафтената рафинерија во Нови Сад предизвикаа загадувања на подземните води, додека неколку тони опасни хемикалии истекоа во реката Морава, по нападите на фабриката за автомобили во Крагуевац. Освен тоа, нападите врз рудникот за бакар во Бор предизвикаа тешко загадување на воздухот од емисии на сулфур-диоксид.

> Во случајот со рафинеријата за нафта во Нови Сад која беше погодена неколку пати за време на нападите на НАТО, беа испуштени опасни метали во воздухот, во почвата и во водата, влијаејќи врз 350.000 жители и нивната животна средина. Ослободувањето токсични материи од рафинеријата е посебно опасно за резервоарите за вода за пиење, ако се знае дека мрежата на цевководи е сместена само на 1-2 метри под рафинеријата.
> Рафинеријата за нафта се наоѓа на брегот на каналот меѓу реките Дунав и Тиса; а опасните материи сигурно навлегле и во реката Дунав. Од голема важност е понатамошното истражување и набљудување на содржината на ваквите материи во средината за да се спречат влијанијата врз човечкото здравје.

Иако BTF ги идентификува „жешките точки“ и проблемите за кои треба итна реакција за

[8] *Institutional sites mission report*. BTF, 1999. URL:http://www.grid.unep.ch/btf/missions/july/industry.pdf.

намалување на штетните ефекти, потребни се и известувања и од експертите и од НВО од регионот. Истражувањето што беше извршено од страна на универзитетот во Нови Сад, Холдинг компанијата „Безбедност за населението и заштита на средината“, Нафтената индустрија НИС-Југопетрол и од Институтот за нуклеарна науки во Винча, покажа поинакви резултати за присуството на тешки метали во почвата[9].

Вредностите беа повисоки, но тоа не беше најконтроверзниот податок. Работната група на УНЕП (UNEP) не ги анализирала сите примероци што биле земени. Присуството на некои многу токсични метали, како арсенот и живата, не било воопшто анализирано.

## Учество на јавноста и на НВО

„Пактот за стабилност наполно ја признава важната улога којашто можат да ја имаат невладините организации во регионот и можноста да ги вклучат јавноста и граѓанското општество во процесот на демократизација во Пактот за стабилност“[10].

Се смета дека разни невладини организации треба да бидат главниот

[9] Skrbic, B. *et al*. *Environmental Pollution of the soil in industrial sites*. Regional Conference on Environment and Health. Szeged: May 2000.
[10] The Stability Pact…

поттикнувач на основните напори и дека нивната улога треба дополнително да се развие. Ова може да се постигне преку редовни состаноци меѓу невладините организации и претседавачите на трите работни маси и преку вклучување одредени НВО во активностите и во иницијативите во рамките на Пактот.

Сепак, НВО досега беа вклучени само во рамките на активностите на РЕРеП, и тоа во одредени граници во рамките на Работната маса I. Единствениот документ што дава слобода за активност на НВО во работните маси е Декларацијата на Пактот за стабилност за партнерство меѓу невладини организации во Југоисточна Европа.

Доколку Пактот обезбеди траен мир и демократија, реконструкцијата не може да се одвива на начин кој ќе ги избегнува демократските процедури како учество на јавноста и на отвореноста. Меѓународните финансиски институции и донаторите треба да применат практика на масовно учество на јавноста во нивните активности во рамките на Пактот.

## Кој ја развива стратегијата за обновата?

Светската банка и Европската комисија се назначени да ја координираат работата на секоја билатерална и мултилатерална поддршка за Балканот. Тие заеднички ги координираат

донаторските конференции и ги идентификуваат приоритетните области на обновата.

Европската инвестициона банка има мандат да го идентификува пакетот на инфраструктурните проекти со *брз старт*, додека ЕБОР ги идентификува потребите за развој во приватниот сектор и инвестициите во регионот.

Европската унија, како иницијатор на Пактот за стабилност, има улога да ги доближи земјите до европските стандарди, практики, правила и вредности. Процесот на Европската унија за стабилизација и асоцијација, од кој договорите за стабилизација и асоцијација се клучен дел, претставува базичен елемент на политиката на ЕУ кон регионот.

Персоналот на Меѓународниот монетарен фонд овозможува техничка помош на внатрешната администрација на ОН на Косово под Резолуцијата на Советот за безбедност при ОН.

Досега имаше мало учество на јавноста во процесот. Освен тоа, земјите од регионот всушност и не влијаат врз стратегиите што се изготвени за нив. Претходните искуства покажуваат дека напорите за обнова, кои не ги земаат предвид потребите и мислењата на локалното население, не можат да бидат успешни. Затоа од голема важност е да се овозможи учество на јавноста во овие моменти кога обновата штотуку е започната, пред да се

дозволи безвредно трошење огромни суми пари, како во Босна и Херцеговина.






***Анекс 1****. Инвестиции по земји/организации за Работната маса I*

| **Земја/организација** | **Сума (во € )** |
|---|---|
| Австрија | 3 438 098 |
| Белгија | 173 500 |
| Бугарија | 31 666 |
| Канада | 60 000 |
| Република Чешка | 50 000 |
| Данска | 130 000 |
| Финска | 692 700 |
| Франција | 2 060 000 |
| Германија | 10 232 800 |
| Грција | 1 050 000 |
| Унгарија | 7 500 |
| Ирска | 335 300 |
| Италија | 1 551 000 |
| Луксембург | 1 000 000 |
| Македонија | 1 300 |
| Холандија | 2 435 924 |
| Норвешка | 275 000 |
| Романија | 31 666 |
| Словенија | 530 800 |
| Шведска | 31 000 |
| Швајцарија | 1 630 000 |
| Велика Британија | 160 000 |
| САД | 6 800 000 |
| **CoE** | 376 500 |
| **CEB** | 43 100 000 |
| Европска Комисија | 186 291 039 |

| | |
|---|---|
| **ELIAMEP** | 31 666 |
| **European Training Foundation** | 15 000 |
| **IID** | 222 932 |
| **INTEGRA** | 5 000 |
| **ODIHR** | 120 000 |
| **OSCE** | 50 000 |
| **OSI** | 1 882 324 |
| **OSI/HESP** | 100 000 |
| Парламенти кои придонесуваат со средства | 215 792 |
| **Red Cross** | 21 801 |
| **Save the Children** | 25 000 |
| **Transeuropeennes** | 1 318 000 |
| **UNICEF** | 50 000 |
| **UNIFEM** | 17 212 |
| **Вкупно** | **266 550 520** |

***Анекс 2.*** *Инвестиции по земји/организации за Работната маса II, вклучувајќи ги и начините на придонес*

| **Организација/ земја** | **Заем** | **Грант** | **Кредит** | **Влада** | **ВКУПНО (милиони € )** |
|---|---|---|---|---|---|
| Албанија | | | | 11,91 | 11,91 |
| Босна и Херцеговина | | | | 4 | 4 |
| Бугарија | | | | 66,09 | 66,09 |
| Хрватска | | 0,64 | | 86,11 | 86,75 |
| Македонија | | | | 43,38 | 43,38 |
| Романија | | | | 112,2 | 112,2 |
| Австрија | | | | 0,7 | 0,7 |
| Италија | 15 | 4,8 | | | 19,8 |
| Данска | | 1,3 | | | 1,3 |
| Франција | | 0,5 | | | 0,5 |
| Германија | | 12,6 | | | 12,6 |
| Грција | | 8,8 | | | 8,8 |
| Јапонија | | 2,5 | | | 2,5 |
| Кувајт | | | | 38 | 38 |
| Холандија | | 4,5 | | | 4,5 |
| Норвешка | | 6,2 | | | 6,2 |
| Португалија | 12,6 | | | | 12,6 |
| Шпанија | | 15 | | | 15 |
| Швајцарија | | 21 | | | 21 |
| Велика Британија | | 1 | | | 1 |
| САД | | 32,06 | | 2,6 | 34,66 |
| **CEI** | | 1,7 | | | 1,7 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **EBRD** | 103,3 | | | | 103,3 |
| Европска Комисија | | 272,8 | | | 272,8 |
| **EIB** | 518,1 | | | | 518,1 |
| **IBRD** | 43,64 | | | | 43,64 |
| **IDA** | | 5 | 75,92 | | 80,92 |
| **UNMIK** | | | | 0,3 | 0,3 |
| **ВКУПНО** | **692,64** | **390,40** | **75,92** | **365.29** | **1 524,25** |

**Други инвестиции под Работна маса II**

| | | |
|---|---|---|
| ТРГОВИЈА | € | 723 745 |
| ЕКОНОМСКИ РЕФОРМИ | € | 557 600 000 |
| ЖИВОТНА СРЕДИНА | € | 13 080 000 |
| СОЦИЈАЛНИ ПРАШАЊА | € | 31 200 000 |

***Анекс 3.** Инвестиции по земји/организации за Работната маса III*

| **Земја/организација** | **Сума (во € )** |
|---|---|
| Австрија | 300 000 |
| Босна и Херцеговина | 1 500 000 |
| Финска | 300 000 |
| Франција | 1 990 428 |
| Германија | 3 957 691 |
| Грција | 894 000 |
| Јапонија | 20 000 |
| Луксембург | 280 000 |
| Норвешка | 200 000 |
| Словенија | 150 000 |
| Шведска | 444 007 |
| Швајцарија | 200 000 |
| Швајцарија/Холандија | 1 068 451 |
| САД | 100 000 |
| **Dutch Trust Fund** | 1 000 000 |
| Европска комисија | 19 985 000 |
| Европска унија | 2 000 000 |
| **OSCE** | 30 000 |
| Различни донатори | 7 744 830 |
| Светска банка | 24 000 000 |
| **ВКУПНО** | **66 164 407** |

# Декларација на НВО

***за***

***стабилност на народот и за животната средина во Југоисточна Европа***

**Банкја, Бугарија**

Ние, невладините организации (НВО) од земјите од Југоисточна Европа (ЈИЕ), се сретнавме во Банкја, Бугарија, да дискутираме за повоената реконструкција на нашиот регион. Основа на оваа декларација е принципот на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа, донесен во Келн, на 10 јуни 1999 година: „***Целта на Пактот за стабилност е зајакнување на земјите од Југоисточна Европа во нивните напори да промовираат мир, демократија, почит кон човековите права и економски просперитет, за да се постигне стабилност во целиот регион“***. За да се обезбеди примена на овие принципи во ЈИЕ за време на процесот на реконструкција ние ја правиме оваа декларација со цел доносителите на одлуки да го слушнат гласот на граѓанското општество.

Ние веруваме дека овозможувањето демократско донесување одлуки за користење на фондот за реконструкција е од витално значење, не само за економските односи меѓу земјите на Балканот, туку исто така и за политичката и за социјалната стабилност во регионот. Од голема важност е засегнатите заедници, локалните власти, НВО, експертските групи и трговските здруженија да се вклучени во процесот и да имаат

удел во одлучувањето за тоа што треба да се направи и како истото да се постигне. Постои потреба од разговор помеѓу земјите којшто ќе осигура јасен и транспарентен начин на работа на меѓународните финансиски институции и придржување кон нивната политика за донесување одлуки, водени од правата и мислењето на граѓанското општество.

Ние сме свесни дека меѓународните финансиски институции се подготвуваат за големи и значајни инвестиции во регионот. Сега ние треба да се погрижиме дека идеите на граѓанското општество и градењето врз темелите на демократијата се интегрален дел на замислениот економски развој, заедно со почитта кон човековите права и кон животната средина.

**Јавно учество и отвореност**

Со оваа изјава ние ги повикуваме донаторите и инвеститорите да ги применат принципите на ОН ЕКЕ (Економската комисија на Европа): *Конвенцијата за пристап кон информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата во прашањата поврзани со животната средина* (Архуска конвенција) за проектите кои се финансирани од меѓународните финансиски институции. Принципите на Архуската конвенција треба да се задолжителни за сите инвестиции во рамките на Пактот за стабилност.

Пред да се одобри проектот, за јавноста мора да се достапни детални информации за инвестиците. За време на подготовката на проектот треба да се овозможат студии за проценка на влијанието врз животната средина и треба да се применуваат принципите на Еспоо конвенцијата за проекти со прекугранични влијанија. Меѓународните финансиски институции треба исто така да промовираат користење Стратегиски еколошки проценки на нивните реконструкциски планови и треба да се во согласност со сите конвенции поврзани со животната средина. Јавноста треба да има пристап кон независен мониторинг и проценка за време на реализацијата на проектите.

**Итни потреби што произлегуваат од конфликтот**

Ние ја согледуваме итната потреба за реакција, со цел да се намалат најтешките последици од скорешниот конфликт. Покрај добропознатите проблеми поврзани со бегалците, уништените домови и други градби, ние посочуваме бројни области во кои треба брзо дејствување. Чистењето од мини и остатоци од касетни бомби е важно за зголемување на сигурноста кај локалното население, а со тоа ќе им се овозможи слободно користење на нивната земја за нејзина обработка. Меѓународната донаторска програма треба да вклучува итно прочистување и деконтаминација на тешко-загадените индустриски подрачја од директните

оштетувања од војната, како и подрачјата кои содржат токсичен отпад од воениот материјал, неискористени и неупотребливи лекови и други супстанции. Областите на бегалските кампови исто така треба да се обноват. Реконструкцијата на уништената инфраструктура (пр. мостови на реката Дунав) е од голема важност.

Постои потреба од следење на влијанијата од војната врз животната средина. НАТО треба да ги објави во јавноста нивните мапи за користење оружја со осиромашен ураниум во регионот и треба да се преземат сите возможни мерки за да се процени и да се ублажи нивното влијание. Треба да се обезбедат основните потреби за енергија на населението во земјите од регионот, како дел од неопходната хуманитарна помош, без оглед на политичкиот систем.

**Инвестиција**

Меѓународните финансиски институции и донаторите треба да се фокусираат на проекти кои ќе овозможат придобивки за најголем број сегменти од општеството и кои ќе обезбедат снабдување со храна и со вода, пристап до енергетски извори, пристап до социјални и здравствени услуги и до други основни потреби на луѓето, и покрај нивната тешка економска состојба. Ние посебно ги препорачуваме следните:

***Економски мерки***. За да се стимулира развојот на локалното производство, посебен акцент треба да се стави на микрокредитната линија за индустрија и услуги со мал обем. Меѓународните финансиски институции не треба да промовираат дискриминација на локалната индустрија, како што се данокот и легалните такси за странските инвеститори. Заемите за структурно приспособување не треба да имаат негативно влијание врз социјалните, врз образовните и врз здравствените услуги;

***Транспорт***. Постои итна потреба за реконструкција на патиштата и на мостовите за оние населби кои се изолирани од постојните транспортни мрежи. Анализите на односот меѓу потрошувачката и придобивката од проектот би требало да ги вклучи социјалните и еколошките прашања кои обично се занемаруваат при такви анализи. Акцентот треба да се стави на рехабилитација и модернизација на постојните железнички линии, како и на конструкција на нови линии во некои земји од регионот. Тие можат да го обезбедат меѓународното поврзување кое е потребно за комплетирање на паневропските транспортни коридори. Овие железнички врски се уште подобри доколку се способни да обезбедат комбиниран транспорт на стоки. Инвестирањето во овие транспортни коридори би вршело двојна функција, во промовирање на трансевропските транспортни мрежи, како и во овозможувањето начин за

стабилизирање на регионот, согледувајќи ги социјалните и еколошките предности на железниците во однос на автопатиштата.

На постојните примарни и секундарни патни мрежи во регионот им е потребна значајна инвестиција за да се одржуваат и да се подигнат на задоволително ниво на квалитет и на сигурност. Ниту една автопатна конструкција не може да се одобри како приоритет во земјите на ЈИЕ, освен ако примарните и секундарните патни мрежи се во добра состојба и ако буџетот на соодветната земја може да поднесе таква инвестиција, без притоа да биде во финансиски долг.

Ние ја поддржуваме повторната изградба на оштетените аеродроми во регионот на ЈИЕ, како и подобрувањето на авиобезбедноста. Сепак, изградбата на нови аеродроми и проширувањето на постојните аеродроми ние не ја сметаме како оправдана. Има многу проекти што би донеле повисоки придобивки за луѓето и подобра социјална стабилност отколку проширувањето на аеродромите;

***Енерīија***. Постои јасна потреба за обновување на постојниот капацитет за производство и дистрибуција на енергијата. Исто така, постои можност за создавање децентрализирано енергетско производство. Пр.: обновливи енергетски извори можат да се применат во областите кои не се поврзани во постојната енергетска мрежа. Меѓународните финансиски институции треба да

го зголемат нивното учество во обновата на локалното греење и во користењето термоелектрични централи.

Бидејќи енергетскиот интензитет во регионот е неколку пати повисок отколку во земјите од **OECD** (Организација за економска соработка и развој), мора да се даде предност на мерките за енергетска ефикасност и штедење на енергијата. Подобрувањето на енергетската ефикасност во индустријата може да се стимулира со развој на компаниите за енергетски услуги. Препорачуваме и воспоставување специјални фондови за програми за изолација на јавни згради и домаќинства и за други подобрувања во полето на енергетската ефикасност.

Европската Унија и другите донатори треба да воспостават деактивирачки фонд за да го обезбедат затворањето на нуклеарните централи во регионот. Овој фонд е од посебна важност за овозможување скоро затворање на реакторите 1-4 во нуклеарната централа Козлодуј. Меѓународните финансиски институции и владите-донатори не треба да поддржуваат изградба на нови нуклеарни реактори или обновување на постојните.

Исто така, загрижени сме и за влијанието на новопредложените нафтоводи врз животната средина во регионот. Веруваме дека меѓународните финансиски институции не треба да финансираат изградба на нови нафтоводи или нафтени резервоари, туку да ги обноват и да ги одржуваат постојните;

***Природни извори на вода***. Важно е да се обезбеди финансиска поддршка за заштита на водните извори и за обновување на мочуришните области. Првата фаза на реконструкцијата треба да поддржува проекти насочени кон отстранување на постојните извори на загадување кои претставуваат закана за резервоарите за вода за пиење. За ефикасноста на услугите за водоснабдување неопходно е подобрување на водоснабдувањето и воспоставување соодветни мерки за консумација на водата. Во инвестициите треба да се вклучат и пречистителните станици;

***Отпад***. Неопходно е донесување ефикасни закони за справување со опасниот отпад. Донаторската заедница треба да ги финансира напорите за идентификација и да обезбеди соодветно складирање на опасниот отпад кој претставува опасност за луѓето и за нивната животна средина. Треба да се иницира: намалување на отпадот, реупотреба за рециклирање на градскиот отпад, градење фабрики за таа цел за да се минимизира проблемот со отпадот;

***Земјоделство***. Треба да се промовира намалување на невработеноста со тоа што ќе се пружи помош на малите приватни фарми. Неопходно е да се отворат нови кредитни линии со мала каматна стапка на долгорочна

основа, заедно со микрокредитниот план за малите фарми и за малите фирми за производство на храна. Треба да се донесат легални и економски мерки за да се обезбеди нивна конкурентност и да се подобрат нивните шанси за успех;

***Заштита на природата.*** Со цел да се спречи лизгањето на земјиштето и почвената ерозија во земјите од регионот неопходно е да се вложат средства за пошумување и за заштита на шумите. Забраната за сечење на шумите и поставувањето ефикасна законска рамка би требало да се поддржани со структурните реформи. Треба да се промовира развој на партнерство и соработка помеѓу соседните земји со основање билатерални и мултилатерални природни паркови. Донаторите треба да обезбедат поддршка во форма на грантови за заштита на биодиверзитетот.

**Поддршка во градењето на граѓанското општество**

Со цел за понатамошно подобрување во градењето на демократијата ние ја повикуваме Донаторската заедница да основа грант-програми за НВО преку кои ќе може да се спроведат програми за подигнување на јавната свест, посебно за мониторинг на човековите права, за јавно учество во подготовката на законите, за мониторинг на животната средина и за тренинг-програми во областа на мониторинг на

животната средина. Исто така, препорачуваме промовирање на традиционалната култура, мултикултурно разбирање и толеранција, и соработка помеѓу НВО во регионот, преку летни школи и училишни активности. Постои и потреба за поддршка на училишни програми, посебно од областа на животната средина, човековите права и примена на законите. Едуцирањето на децата за правата, за привилегиите и за одговорностите за учеството во слободно и отворено општество е една од најдобрите можни инвестиции.

Да заклучиме, ние сме благодарни за загриженоста и за помошта на граѓаните од целиот свет за време на конфликтот во нашиот регион. Како што ние продолжуваме со обновата, така ги молиме финансиските институции и донаторите да го сослушаат нашиот апел, да го земат предвид нашето искуство и да се стекнат придобивки од нашето знаење за одредената област. Наша привилегија е - *и наше право* - да имаме глас во одлуките кои влијаат врз нашите семејства и врз нашите земји.

**Банкја, 10 октомври 1999 година.**

Потписници на Декларацијата се 21 невладина организација од:
Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Југославија, Македонија, Романија, Унгарија, Хрватска и Чешка.

# Легенда на скратеници

**CEB** (Council for Employee Benefits) - Совет за придобивки на вработените

**ELIAMEP** (The Hellenic Foundation for European and Foreign Policy) - Грчка фондација за односи со Европа и странство

**INTEGRA** (Venture mission-Central and Eastern European initiative for helping the growth of small business enterprises) - Претприемачка мисија за помош на развојот на малите бизнис-претпријатија во Централна и Источна Европа

**ODIHR** (Office for Democratic Institutions and Human Rights) - Канцеларија за демократски институции и човекови права

**OSCE** (Organization for security and cooperation in Europe) - Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)

**OSI** (Open Society Institute) - Институт отворено општество

**HESP** (Higher Education Support Program) - Програма за поддршка на високото образование

**UNICEF** (United Nations Children`s Fund) - Детски фонд на Обединетите нации

**UNIFEM** (United Nations Development Fund For Women) - Фонд за жените на Обединети нации

**CEI** (Central European Initiative) – Централноевропска иницијатива

**UNMIK** (United Nations Interim Administration for Kosovo) - Привремена администрација на Косово на Обединетите нации

**EBRD** (European Bank for Reconstruction and Development) - Европска банка за обнова и развој

**EIB** (European Investment Bank) – Европска инвестициона банка

**IBRD** (International Bank for Reconstruction and Development) - Меѓународна банка за обнова и развој

**IDA** (International Development Association) - Меѓународна асоцијација за развој

# СОДРЖИНА


- Што е Пактот за стабилност? ................................ **1**
- Како ќе се примени? ............................................ **1**
- Што е проблемот? ................................................ **3**
- Дали меѓународната помош ќе ја намали сиромаштијата? ..................................................... **5**
- Зошто микрофинансирањето е подобро? ............. **7**
- Улогата на животната средина во реконструктивните активности ............................. **9**
- Потреба за намалување на последиците врз средината по конфликтите .................................. **11**
- Учество на јавноста и на НВО ............................ **14**
- Кој ја развива стратегијата за обновата? ............ **15**
- Анекс 1. Инвестиции по земји/организации за Работната маса I ................................................... **18**
- Анекс 2. Инвестиции по земји/организации за Работната маса II, вклучувајќи ги и начините на придонес ............................................................... **20**
- Анекс 3. Инвестиции по земји/организации за Работната маса III ................................................ **22**
- Декларација на НВО за стабилност на народот и животната средина во Југоисточна Европа, Банкја, Бугарија ................................................................ **23**
- Легенда на скратеници ........................................ **33**

Издавањето на оваа брошура го овозможи
Milieukontakt Oost- Europa од Холандија.

Издавач:
Проактива- Скопје
Козара 68/3 - 9, Скопје
тел/факс: 02/126-350
proaktiva@lycos.com
www.proaktiva.org.mk

Уредници:
Ана Чоловиќ, Владимир Карчицки

Превод:
Александар Чоловиќ

Лектор:
Даниел Медароски

Дизајн:
Стојан Лешоски

Брошурата е подготвена од:

CEE Bankwatch Network
Kratka 26, 100 00 Praha 10, Czech Republic
main@bankwatch.org
www.bankwatch.org

Печати: Светлост Графика, Скопје
Тираж: 500 примероци